**Архивски број: 08-** 480/1
**Датум:** 19-05-2026 **година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08–667/1 од 15.09.2025 година, поднесена од страна на ///// со седиште на /////, преку овластено лице ///// против Основно општинско училиште /////, со седиште на /////, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на образованието, науката и спортот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА СЕГРЕГАЦИЈА врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот кон учениците во истото училиште кои се припадници на ромската етничка заедница од Основното општинско училиште /////.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на ///// (во натамошниот текст: /////) на ден 15.09.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација и повреда на правото на еднаков пристап до образование преку сегрегација на ученици Роми во Основното општинско училиште ///// (во натамошниот текст: Училиштето), во областа на образование, наука и спорт сторена од страна на Училиштето, заверена со бр. 08-667/1.

Во претставката подносителот наведува дека претставува здружение на граѓани кое има оправдан интерес за заштита на колективните интереси на Ромите и во рамки на својата дејност се занимава со заштита на правата на еднакво постапување кон Ромите во Република Северна Македонија и во Европа и дека како меѓународна организација напорно работи кон целосно елиминирање на сите форми на дискриминација на Ромите, па со цел заштита на поголема група граѓани, државјани на Република Северна Македонија засегнати од нееднаквото постапување на Училиштето, ја поднесува предметната претставка, врз основа на податоци добиени од Училиштето по Барање за слободен пристап до информации кое го имаат упатено до Училиштето на 20.06.20025 година, за добивање на официјални податоци за бројот на ученици распределени по етничка припадност за учебните години 2023/2024 и 2024/2025.

Според добиените податоци по напред наведеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, подносителот во претставката, наведува дека постои несразмерна етничка концентрација во училиштето. Наведува дека во **учебната 2023/2024 година**, од вкупно 453 ученици, 385 се Роми, и тоа од вкупно 22 паралелки, 17 биле сегрегирани со 77,27 %, од кои 12 паралелки биле целосно етнички сегрегирани со 100% ученици Роми (II-2: 15 ученици, II-3: 14 ученици, III-3: 11 ученици, IV-1: 15 ученици, IV-2: 15 ученици, IV-3: 13 ученици/V-2: 18 ученици, VI-3: 23 ученици, VII-1: 12 ученици, VII-4: 10 ученици, VIII-2: 18 ученици, IX-1: 10 ученици). Покрај наведените, уште 5 паралелки покажале речиси целосна сегрегација со екстремно висока концентрација на ученици Роми, и тоа: I-3: 10 ученици Роми од вкупно 12 ученици (83,3%), III-1: 12 ученици Роми од вкупно 13 ученици (92,3%), III-2: 11 ученици Роми од вкупно 13 ученици (91,7%), V-3: 13 ученици Роми од вкупно 14 ученици (92,9%) и VI-2: 21 ученик Ром од вкупно 22 ученици (95,5%). За состојбата **во учебната 2024/2025 година**, подносителот


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

наведува дека според добиените информации таа била влошен, така што од 22 паралелки, 19 биле сегрегирани, од кои 13 паралелки биле целосно етнички сегрегирани со 100% ученици Роми (I-1: 14 ученици, I-2: 10 ученици, I-3: 13 ученици, II-1: 14 ученици, III-3: 14 ученици, IV-3: 13 ученици/V-1: 12 ученици, V-2: 15 ученици, V-3: 12 ученици, VI-2: 19 ученици, VII-3: 24 ученици, VIII-1: 8 ученици и IX-2: 15 ученици). Дополнително во 6 паралелки наведуваат дека постоела екстремно висока концентрација на ученици Роми, и тоа: II-3: 13 ученици Роми од вкупно 15 (86,7%), IV-1: 11 ученици Роми од вкупно 13 (84,6%), IV-2: 8 ученици Роми од вкупно 10 (80%), VI-1: 14 ученици Роми од вкупно 16 (87,5%), VI-3: 15 ученици Роми од вкупно 16 (93,8%) и VIII-4: 8 ученици Роми од вкупно 9 (88.9%).

Согласно напред наведеното, подносителот во претставката наведува дека таквата концентрација ги надминува праговите кои би можеле да се сметаат за случајни или дека тоа би можело да биде резултат на природна демографска распределба.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-667/2 од 27.10.2025 година се обрати до Училиштето, од каде е доставено Произнесување, во Комисијата заверено со бр. 08-667/3 од 19.11.2025 година. Во произнесувањето се наведува дека во Училиштето наставата се одвива на 3 наставни јазици, албански, македонски и турски јазик и дека учениците Роми, наставата ја следат на македонски наставен јазик. Наведуваат дека според евиденцијата 98% се ученици Роми, а 2% отпаѓаат на ученици Македонци. Но наведуваат дека не е тоа сегрегација на учениците Роми, кога тие немаат деца Македонци што подеднакво би ги распоределе во сите паралелки. Понатаму, наведуваат дека во Училиштето целосно се почитува Законот за основното образование, конкретно и член 63 и член 64 од истиот. Како проблем со кој се соочуваат е и тоа дека родителите на учениците Македонци не ја почитуваат Реонизацијата и дека и покрај нивната реакција до единицата на локална самоуправа не добиле никаква поддршка ниту дека претставниците на Државниот просветен инспекторат ја поместиле линијата на позитивно со нивните преземени активности. Понатаму, наведуваат од Училиштето дека прочистените списоци за запишување на децата во прво одделение никогаш не ги добивале готови од општината, туку директно им биле препраќани од матичните служби и Стручната служба на Училиштето и Комисијата за упис самите ја одредувале реонизацијата од претходно дадена мапа на реонот. Наведуваат дека Училиштето имало и формирано мобилни групи на терен за куќна посета на семејствата, каде начекувале колеги од најодалеченото основно училиште во градот како ги подмитуваат родителите со по некој детал од училишен прибор и ветување за превоз како да се работи за приватно училиште, а не за државно училиште. Наведуваат и дека родителите носеле документи за промена на адреса само за да го избегнат уписот на нивното дете во Основното општинско училиште /////. За крај наведуваат дека како Училиште никогаш не издале согласност за запишување на првачe што припаѓа во нивниот реон.

* * *

Согласно одредбите од член 30 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација а во врска со член 63 став (4), став (5) и став (6) од Законот за основното образование ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Комисијата со Барање за податоци бр. 08-667/4 од 27.11.2025 година, се обрати и до


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Општина /////, за да достави податоци од нивниот делокруг на надлежност по однос на предметот на претставката, но од страна на Општина ///// не е доставен одговор.

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителот, како и содржината на произнесувањето од Училиштето, фактот дека од страна на Општината ///// не е доставен одговор по однос на Барањето за податоци, Комисијата ценеше дека **во конкретниот случај постои сегрегација како потежок облик на дискриминација, врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот кон учениците Роми во Училиштето**.

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи, меѓу кои Законот ја утврдува и етничката припадност како дискриминаторска основи. Со одредбата од членот 12 од овој Закон се утврдува сегрегацијата на следниот начин: *„Сегрегација е физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел“.*

Начелата на основното образование, заштитата од дискриминација и промоција на еднаквоста, се уредува и со Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 03/25 и 74/25). Во точка 7 од ставот (1) на членот 4 од овој Закон, со наслов „Начела на основното образование“ се уредува како начело и *унапредувањето на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурноста, мултикултурализамот, интеркултурализмот и мултикултурноста.* Во членот 5 став (1) е утврдено дека: *„Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.“*, а во ставот (2) точка (2) од истиот член е уредено дека во основното образование се забранува секој облик и вид на дискриминација и во процесот на запишување во основното образование. **Во ставот (8) од истиот член се утврдува забраната од дискриминација и физичкото одделување на учениците врз дискриминаторска основа, кој гласи: *„Се забранува дискриминација и физичко одделување на учениците врз дискриминаторска основа при запишување и формирање на паралелки во основните училишта без легитимна или објективна оправдана цел согласно со Уставот на Република Северна Македонија.“***.

Реонизацијата на училиштата и постапката околу процесот на реонизација е уредена во членот 63 од Законот за основното образование, кој гласи:

*„Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот во кој има живеалиште или каде што има престојувалиште.*

***Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.***

***Основното училиште е должно да ги запише учениците од својот реон, без исклучоци*** *освен во случаи кога во училиштето на реонот нема услови за следење на настава на мајчин јазик, постои документација која го потврдува здравственото или психосоцијалното здравје на*

*ученикот како основа за префрлање и кога училиштето има слободен капацитет и префлањето е во интерес на детето, потврдено од центарот за ментално здравје.*

***Основачот го утврдува реонот на основните училишта, од кој се запишуваат учениците во основните училишта. Основачот е должен утврдувањето на реонот на основните училишта, да го прави на начин со кој се спречува и надминува физичко одделување на учениците по етничка припадност, освен во општините во кои доминантно население се припадници на една етничка заедница.***

***Списокот на децата од реонот за запишување во основното училиште, се добива од надлежните органи во единицата на локалната самоуправа кои водат евиденција на жители и лица со постојан престој, согласно закон.***

***Списокот од ставот (5) на овој член, единиците на локалната самоуправа го добиваат од надлежниот орган за водење на матична книга на родените и матична книга на умрените, како и од надлежниот орган за водење евиденција за движење на граѓаните надвор од земјата, согласно закон.***

***Списокот од ставот (5) на овој член, содржи име на детето, име на еден од родителите односно старателите, презиме на детето, датум на раѓање на детето****, односно датум на смрт на детето,* ***адреса на живеалиште/престојувалиште во државата, односно дали е надвор од државата****.*

*Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, не се однесуваат на учениците со комплексни потреби со проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.*

*Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член, не се однесуваат на децата во воспитно-поправните установи.“*

Во конкретниот случај се зема во предвид и **Општата препорака бр. 08-244/1 од 27.04.2022 година на Комисијата**, која се однесува на предметното прашање. Имено, со Општата препорака се препорачува на надлежните органи на локалната самоуправа да преземат активности за доследно почитување на актите за реонизација во нивните општини што за цел би имало десегрегација на децата Роми. Понатаму, во поглед на законското решение во однос на Законот за основното образование, се препорачува на директорите на училиштата во реонот каде што живее детето и директорите на училиштата кои вршат упис на дете кое не спаѓа во нивниот реон, да ја користат можноста да не потпишуваат согласност за преземање на дете кое би завршило да учи во училиште надвор од својот реон на живеење и за да се избегне човечкиот фактор на индивидуално одлучување, Комисијата препорачува Министерството за образование и наука да определи построги критериуми за упис на дете во училиште во друг реон надвор од местото на живеење, со што би се намалил одливот на деца во други училишта, а со тоа и би се допринело до намалување на сегрегацијата. Во оваа Општа препорака, на Државниот просветен инспекторат му се препорачува да врши контрола над процесот на запишување на учениците во образовните установи. Summa summarum, целта на Општата препорака е да се минимизираат последиците од сегрегацијата не само врз децата од ромска етничка припадност туку и од не-ромска припадност, бидејќи немањето можност и прилика деца со различни културни и етнички позадини да се интегрираат и да учат едни за други, за да се избегне несакано сценарио на нетрпеливост и дискриминација од страна на „посилната односно побројната“ група.

Членот 7 од Меѓународната Конвенција за за елиминација на сите форми на расна дискриминација на Обединетите нации, гласи: *„Државите членки се обврзуваат да преземат итни и ефикасни мерки, особено во областа на наставата, воспитувањето, културата и*

*информациите со цел за борба против предрасудите што водат кон расна дискриминација и помагање на разбирањето, толеранцијата и пријателството помеѓу народите, расните или етничките групи, како и унапредување на целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации, Универзалната декларација за правата на човекот, Декларацијата на Обединетите нации за укинување на сите форми на расна дискриминација и оваа конвенција.“*

Исто така, видно од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, треба да се земе предвид Пресудата на судот во предметот Елмазова и други против Северна Македонија (бр. 11811/20 и бр. 13550/20) со која судот утврдува дека две основни училишта во државата – „Ѓорги Сугарев" во Битола и „Гоце Делчев" во Штип го повредиле правото на децата на недискриминација, а во врска со нивното право на образование (член 2 од Протокол број 1).

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги аргументите и доказите на подносителот на претставката, произнесувањето од Училиштето и отсуство на одговор и достава на информации од страна на Општината, секој посебно и во корелација еден со друг , Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Имено, во член 63 во ставот (4) и (5) од Законот за основното образование се уредува движењето на списоците со децата од реонот за запишување во основното училиште, се утврдуваат надлежните органи за креирањето на списоците и проследувањето на истите. Во ставот (6) од истиот член, се утврдува содржината на списоците, односно се утврдува дека списокот содржи име на детето, име на еден од родителите односно старателите, презиме на детето, датум на раѓање на детето, односно датум на смрт на детето, адреса на живеалиште/престојувалиште во државата, односно дали е надвор од државата. Оттука, видно е дека основното училиште не е надлежно во однос на реонизацијата, дека истото постапува согласно одлуките на основачот и по доставените списоци со децата. Но, во конкретниот случај, видно од произнесувањето на Училиштето, прочистените списоци за запишување на децата во прво одделение не ги добивало готови од Општината, туку од матичните служби, па обврската на Општината, уредена со ставот (5) од напред наведениот член и Закон, ја вршела стручната служба во Училиштето и Комисијата за упис, согласно претходно дадена мапа на реонот, иако во некои наврати претходно, Училиштето реагирало до Општината во врска со состојбата на непочитување на реонизацијата на родителите на децата Македонци, но безуспешно.

Комисијата констатира загрижувачка состојба на терен, земајќи ја во предвид состојбата констатирана од страна на мобилните групи на Училиштето, изнесена во нивното произнесување, а се однесува за постапувањата на другите училишта и родителите во врска со уписот на деца во прво одделение. Констатацијата на Комисијата се базира на расположливите докази и со оглед дека недостасува одговор и произнесување од страна на Општината, истата нема можност да добие поинаква слика за состојбата.

* * *

**Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека е сторена сегрегација врз основа на етничка припадност во областа на образованието, науката и спортот кон учениците во Основното општинско училиште /////, кои се припадници на ромската етничка заедница, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:**

**П Р Е П О Р А К И**

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА Основното општинско училиште /////, при формирање на паралелките со ученици да се воздржи од преземање на дејствија кои би резултирале со сегрегација врз основа на етничка припадност кон ученици Роми кои ќе се запишуваат во ова училиште заради вклучување во образовниот процес и му се препорачува на директорот на Училиштето да ја користи можноста да не потпишува согласност за преземање на дете кое би завршило да учи во училиште надвор од неговиот реон на живеење;**
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА надлежната единица на локалната самоуправа – Општина ///// да преземе активности за доследно почитување и спроведување на актите за реонизација во оваа општина, во смисла на одредбите од член 63 од Законот за основното образование, што за цел би имало десегрегација на децата Роми;**
3. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА надлежната единица на локалната самоуправа – Општина ///// да преземе активности за зголемување на педагошки асистенти во училиштата што ќе доведе до поголема социјализација и почит помеѓу децата, како и да организира работилници меѓу училиштата од општината и родителите на учениците од истите.**

**Овие препораки треба да бидат исполнети во рок од 6 месеци од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да биде известена Комисијата.**

**Доколку не се постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

**Скопје, 06.05.2026 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател на Комисијата**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**

- /////;
- Општинско основно училиште /////;
- Општина /////;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk